# З А П И С Н И К
# од 271-та седница на Судскиот совет на Република Македонија одржана на ден 23.01.2018 година, (вторник) со почеток во 10,30 часот

На седницата присуствуваа: Зоран Караџовски, претседател на Советот, Шемседин Јусуфи - заменик претседател, Јелица Крстевска, Влатко Самарџиски, Мери Дика-Георгиевска, Мирјанка Гоцевска-Стефановска, Беќир Шаини и Александра Зафировска - членови на Советот избрани од редот на судиите и Владе Богданоски, Виолета Богојеска, Селим Адеми и Лидија Каначковиќ - членови на Советот избрани од Собранието на Република Македонија.

Отсутни се: Министерот за правда – Билен Саљији и Претседателот на Врховен суд на РМ - Јово Вангеловски, членови по функција- уредно поканети и Беким Реџепи, член на Советот избран од Собранието на Република Македонија, оправдано отсутни.

Записникот го водеше Анита Андоноска –генерален секретар на Судскиот совет на РМ. На седницата присуствуваа Весна Толева - државен советник, Вера Андрејчин - советник за односи со јавност и Наташа Јаневска - оператор на систем за гласање.

**Претседателот на Советот** најнапред констатира дека има потребен кворум за работа, по што го изложи предложениот дневен ред и појасни дека 5-та точка од дневниот ред е нејавна согласно Законот за Судскиот совет на РМ.

По излагање на дневниот ред постави прашање дали има предлози за измена и дополнување на истиот и отвори расправа. Со оглед да никој не се јави за збор, го стави на усвојување предложениот дневен ред.

По гласањето констатира дека со 12 - „За“, е усвоен следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на **Записник од 269-та седница** на Судскиот совет на Република Македонија од 20.12.2017 година и 28.12.2017 година и **Записник од 270-та седница** на Судскиот совет на Република Македонија од 28.12.2017 година;

**2.** Мислење од членовите на Судскиот совет на Република Македонија по **Предлог годишниот распоред за работа на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година;**

**3.** Разгледување на **Предлог Годишна програма за работа на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година;**

**4.** Донесување на **Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година**;

**5.** Разгледување на **извештаите на Комисиите по поднесените барања за повторување на постапките** по повод конечните пресуди на Европскиот суд за човекови права и

**6. Разно.**

**Точка 1**

**Претседателот на Советот** по излагање на 1-та точка од дневниот ред –Усвојување на **Записник од 269-та седница** на Судскиот совет на Република Македонија од 20.12.2017 година и 28.12.2017 година и **Записник од 270-та седница** на Судскиот совет на Република Македонија од 28.12.2017 година, отвори расправа.

Откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање Записникот од 269-та седница на Судскиот совет на РМ од 20.12.2017 година и 28.12.2017 година. По гласањето констатира дека истиот е усвоен со 12 - „За", без измени и дополненија.

На гласање го стави и Записникот од 270-та седница на Судскиот совет на РМ од 28.12.2017 година. По гласањето констатира дека истиот е усвоен со 12 - „За", без измени и дополненија.

**Точка 2**

По излагање на 2-та точка од дневниот ред - Мислење од членовите на Судскиот совет на Република Македонија по **Предлог годишниот распоред за работа на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година, Претседателот на Советот** појасни дека секоја година се донесува Годишен распоред за работа на Судскиот совет на РМ, по претходно прибавено мислење од членовите на седница на Советот. За годишниот распоред претходно се консултирани за мислење и дискутирано е со сите членови на Советот. На 5-та страна од Предлог распоредот за работа на Судскиот совет на РМ во ставот каде се појаснува начинот на постапување по претставките и поплаките, предлага после зборовите „ќе ги разгледуваат и" да се додаде „подготвуваат, по што ќе ги изложуваат на седница на Советот согласно законот", а понатамошниот текст „ќе дадат напатствија за понатамошно постапување", да отпадне. Отвори расправа по Предлог годишниот распоред за работа на Советот.

Членот на Советот- **Селим Адеми** напомена дека треба да се преиспита дали е потребно постоење на комисии за следење на работата на судовите и да се определат координатори за истите.

**Претседателот на Советот** појасни дека претставките и поплаките ќе се разгледуваат поединечно од страна на секој член за соодветниот суд, а комисиите се надлежни за изготвување на извештаи за стари предмети, разгледување на извештаи, изготвување програми, вршење анализи и слично. На одржан работен состанок, мнозинството било согласно со ваквиот предлог.

Членот на Советот- **Лидија Канчковиќ** посочи дека на последниот работен состанок било договорено секој член да постапува по претставките за соодветниот суд за кој е определен.

Заменик претседтаелот на Советот- **Шемседин Јусуфи** појасни дека согласно заклучокот било предвидено при вршење на работни посети во судовите да се формираат работни групи, а по претставките и поплаките да постапува секој член за соодветниот суд согласно распоредот.

Членот на Советот- **Виолета Богојеска** истакна забелешка на 3-та страна од предлог распоредот по однос на формирање на Комисија за постапките согласно Законот за јавни набавки. Во тој контекст го посочи член 28 од Законот за јавни набавки, според кој е предвидено донесување на одлука за секоја јавна набавка поединечно. Смета дека во годишниот распоред нема потреба од формирање на таква комисија.

**Претседателот на Советот** констатира дека се прифаќа дадената забелешка, така што во иднина за секоја јавна набавка, односно во постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набваки ќе се формираат ад хок комисии.

Членот на Советот- **Владе Богданоски** како член определен за следење на работата на Основниот суд Охрид за претходната година, посочи дека во работна посета на судот бил само еднаш и дека за да се реализира распоредот за работа треба да се обезбедат потребни услови, како на пример да се обезбеди возило бидејќи со едно возило нема можност да се одговори на предвидените работни обврски.

**Претседателот на Советот** се согласува со забелешката по однос на недостаток на возило за потребите на Советот, но посочи дека Советот работи согласно ресурсите кои ги има на располагање. Укажа дека ова прашање не е во рамките на дискусија во Распоредот за работа на Судскиот совет, а за истото може да се дискутира во точката - Разно.

Членот на Советот- **Владе Богданоски** наведе дека согласно условите за работа кои моментално ги има во Советот во поглед на недостаток на возило, ќе нема можност да ја следи и понатаму работата на Основниот суд Охрид.

Членот на Советот- **Селим Адеми** има размислување дали можеби би било поефикасно работењето кога член на Советот кој е од подрачјето на одреден суд, да биде и координатор за тој суд, како на пример членот Мирјанка Гоцевска –Стефановска да биде кординатор за судовите од апелационо подрачје Штип.

**Претседателот на Советот** констатира дека на седницата е присутен и членот на Советот- Беким Реџепи. По однос на предлогот на членот Селим Адеми, смета дека треба да се размисли во однос на постоење на пристрасност или контакт со судиите од тоа подрачје од кое припаѓа и членот на Советот.

Членот на Советот- **Александра Зафировска** смета дека се обезбедени потребните услови за работа и нема никакви пречки за остварување на предвидените обврски на членовите во рамки на надлежностите на Советот. По однос на годишниот распоред е постигната согласност дека претставките и поплаките ќе се разгледуваат поединечно од секој член за соодветниот суд, додека комисии се формирани за изготвување извештаи и анализи.

**Претседателот на Советот** појасни дека во текот на досегашното работење немало проблем и секој член кој барал да изврши работна посета во одреден суд, му биле обезбедени услови за тоа. По однос на дискусиите за формираните комисии, предлага да се гласа дали да отпадне тој дел од распоредот.

Членот на Советот- **Беќир Шаини** смета дека во распоредот треба да останат формираните комисии со оглед на природата на работата на Советот, особено што за донесување на одлука или заклучок се потребни повеќе учесници. Секој координатор треба да има точно предвидени задачи и улога за одреден суд, но сепак без комисии Советот нема да има можност за работа. Како основ за расправа пред Советот смета дека треба да се имаат предвид и извештаите од апелационите судови.

Членот на Советот- **Мери Дика-Георгиевска** напомена дека се работи за Комисии за следење на работата на судовите, а не за контрола на судовите. Нема ништо против формираните Комисии за следење на работата на судовите како што е предвидено со распоредот, при што напомена дека претседателот на Советот прибавува мислење од членовите, но сепак тој одлучува за распоредот. Остава претседателот на Советот да одлучи по однос на ова прашање. Инаку, извештаите од апелационите

судови и  досега биле разгледувани од секој од координаторите за соодветните судови.

**Претседателот на Советот** нагласи дека секој член на Советот има право на увид во извештаите на апелационите судови и истите можат да послужат како насока за понатамошно постапување.

Членот на Советот- **Виолета Богојеска** изрази дилема по однос на т.5 на страна 3 од распоредот во делот за надлежноста на комисиите, кој се однесува на разгледување на точноста на податоците од списите на предметот со податоците достапни во информациониот систем (Акмис). Предлага тој дел да се доработи или да отпадне.

**Претседателот на Советот** упати прашање до членот Виолета Богојеска - дали има конкретен предлог за доработка на тој став?

Членот на Советот- **Виолета Богојеска** смета дека  при постапување по претставките и поплаките, увид во списите по предметот треба да има членот координатор за соодветниот суд за кој се однесува претставката, а не комисијата. Во случај кога има постапка за дисциплинска одговорност на судија, тогаш надлежна ќе биде Комисијата. По однос на надлежноста на Комисииите за разгледување на извештаите на работните тела на судовите, смета дека треба да се размисли дали треба да биде во надлежност на комисиите или на координаторите за соодветните судови. Работата на Комисиите треба да се сведе на законската надлежност на Советот и да се намалат останатите надлежности, а на сметка на тоа да се прошири надлежноста на секој од членовите - координаторите на судовите.

**Претседателот на Советот** констатира дека има предлог за намалување на надлежноста на комисиите и зголемување на надлежноста на секој од координаторите за соодветните судови.

Членот на Советот- **Беким Реџепи** укажа дека целта на законот е по претставките и поплаките да се работи и постапува во Комисии, така што истите Комисии освен надлежност за постапување по претставки и поплаки ќе имаат и други надлежности. Предлага точно да се предвидат надлежностите на координаторите. Истакна забелешка на страна 3 од распоредот во ставот каде за следење на информатичката технологија, аналитика и статистика на Судскиот совет на РМ е определен членот на Советот-  Виолета Богојеска.

**Претседателот на Советот** потенцира дека сите членови – координатори на судови се еднакви во правата и никој нема посебни права, ниту по закон, ниту по деловник. Претходната година било договорено да се формираат комисии заради разгледување на посериозни прашања и

поиздржани мислења. По однос на забелешката за учество на членот Виолета Богојеска во повеќе комисии, предлага членот Беким Реџепи да се пријави и распоредот да претрпи корекции. Повторно нагласи, никој од членовите не е фаворизиран.

Членот на Советот- **Беким Реџепи** предлага на страна 3 во распоредот во последниот став да се промени составот на Комисијата за проверка на навременоста на пријавите, така што наместо Виолета Богојеска да се определи друг член.

**Претседателот на Советот** го појасни начинот на работа наведувајќи дека кога ќе пристигне предметот кај него, тој го препраќа кај координаторот за соодветниот суд, а не кај Комисијата.

Членот на Советот- **Александра Зафировска** појасни дека секој допис е заведен во архивата на Судскиот совет, така што пристигнатите списи со доставна книга од архивата им се предаваат на координаторите на комисиите и истите откако ќе го потврдат приемот на списи ги препраќаат на координаторите на соодветните судови. Сите извештаи кои се доставени до координаторите на комисиите биле доставени до координаторите за соодветните судови.

**Претседателот на Советот** наведе дека секој член на Советот има право на увид во работата на сите судови и во архивата каде сите дописи се заведени може да се побараат и проверат бараните списи и податоци.

Членот на Советот- **Селим Адеми** не се согласува со досегашниот начин на работа по однос на тоа да предметите бидат предавани кај координаторот на Комисијата, а потоа истиот да ги распределува на секој член за соодветниот суд.

**Претседателот на Советот** појасни дека предметите само оперативно се испраќани до координаторот на Комисијата и координаторот не е тој што ги распределува.

**Претседателот на Советот** согласно погоре изложените дискусии има размислување по однос на тоа дали да постојат комисии, како и размислување во насока на тоа секој координатор да има конкретни обврски со точно предвидени рокови за доставување до Советот.

Членот на Советот- **Виолета Богојеска** посочи дека од дискусиите произлегува дека од досегашната работа во Комисии нема резултати. Во тој контекст предлага да се размисли за потребата од постоење на комисии. Во делот на распоредот за работа за следење на информатичката технологија, аналитиката и статистиката во Судскиот совет, предлага да се определи членот-Беким Реџепи.

Членот на Советот- **Владе Богданоски** укажа на потребата од Комисии особено при вршење на работни посети во судовите. Спорно е според него, дали предметите треба да одат преку координаторите на комисиите или лично да се предаваат на членовите за соодветните судови.

**Претседателот на Советот** појасни дека и доколку нема да постојат комисии, за секоја работна посета ќе се формира Работна група.

Членот на Советот- **Влатко Самарџиски** нема никакви забелешки по однос на работата во комисии и предлага членовите да се изјаснат дали понатаму да се работи во комисии или поединечно секој член.

**Претседателот на Советот** откако констатира дека членовите се произнесоа по предлог распоредот за работа и постави прашање дали има потреба од гласање. Со оглед да никој не се јави за збор, констатира дека дека е потребно да се постапи согласно дадените забелешки и да се направи измена и дополнение на распоредот.

**Точка 3**

**Претседателот на Советот** по излагање на 3-та точка од дневниот ред-Разгледување на **Предлог Годишна програма за работа на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година** истакна дека заради реализација на активностите во остварување на надлежностите предвидени во Законот за Судскиот совет на РМ**,** Судскиот совет секоја година донесува Програма за работа на Советот. Во програмата се предвидени целите и активностите на Советот со опис на програмските и редовните активности. Отвори расправа по Предлог програмата за работа на Советот.

Членот на Советот- **Владе Богданоски** ја поддржа Предлог програмата и во целост се согласува со содржината на истата. На последната страна во ставот за унапредување на соработката со други органи, институции и невладини организации, предлага да се додадат и Нотарска Ккоора, Адвокатска комора, Комора на извршители и други органи.

**Претседателот на Советот** констатира дека ваквата забелешка се прифаќа и во програмата во ставот за унапредување на соработката да се додадат и Нотарска Комора, Адвокатска комора, Комора на извршители и други органи.

Членот на Советот- **Селим Адеми** предлага во програмата да се додаде и зачленување на Судскиот совет на РМ во Евро Медитеранската мрежа на Судски совети.

Членот на Советот- **Влатко Самарџиски** посочи дека ваквиот предлог за зачленување на Судскиот совет е добар, но врзан е и со финансиски импликации.

**Претседателот на Советот** појасни дека со оглед на ресурсите со кои располага Советот, меѓународната соработка со други земји се заснова на финансирање од други организации. Согласно расположивите ресурси на Советот, соработката се одвива само со соседните земји. Во тој контекст ја посочи остварената билатерална средба со Судскиот совет на Косово во текот на минатата година.

Членот на Советот- **Селим Адеми** посочи дека за зачленување на Советот не се работи за голем износ, ако се има предвид дека тоа се прави на годишно ниво.

Членот на Советот- **Мирјанка Гоцевска-Стефановска** се согласува со предлогот за зачленување на Судскиот совет во Евро Медитеранската мрежа на Судски совети и смета дека треба да се размисли за истиот. Во целина се согласува со предложената програма.

**Претседателот на Советот** согласно погоре изложеното, констатира дека во ставот за зајакнување на меѓународната соработка треба да се додаде и зачленување на Судскиот совет на РМ во меѓународни органи и институции.

Членот на Советот- **Бекир Шаини** предлага во програмата да се додаде и следење на работата на канцелариите за односи со јавноста во судовите.

Членот на Советот- **Мери Дика-Георгиевска** напомена дека во извештаите од судовите се содржани и извештаи за работата на канцелариите за односи со јавноста во судовите. По однос на меѓународната соработка на Судскиот совет со други земји посочи дека истата е опфатена на 3-та страна од програмата.

**Претседателот на Советот** не се согласува со забелешката по однос на тоа дека во програмата треба да се додаде и следење на работата на канцелариите за односи со јавноста во судовите, а доколку има недоследности во нивното работење, претседателот на судот треба да го извести Судскиот совет за таквата состојба.

Членот на Советот- **Лидија Каначковиќ** се согласува со предложената програма, но смета дека наредната година треба да се повикаат на програмата и да се увиди дали се постигнати целите и активностите кои се предвидени во програмата.

Членот на Советот- **Бекир Шаини** се согласува дека следењето на работата на канцелариите за односи со јавноста во судовите не мора да стои во програмата, но сепак смета дека треба да се даде важност на работата на овие канцеларии.

**Претседателот на Советот** откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор, наведе дека е потребно да се постапи согласно дадените забелешки и да се направи дополнение на програмата, по што истата ја стави на гласање. По гласањето констатира дека со 13 -„За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година**

**Точка 4**

По однос на 4-та точка од дневниот ред – **Донесување Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, Претседателот на Советот** појасни дека секоја година согласно буџетските средства во делот судски буџет се донесува Годишен план за јавни набавки и истиот се усвојува на седница со одлука, по што отвори расправа.

Членот на Советот- **Виолета Богојеска** предлага Годишниот план да се дополни со уште еден став – тековно одржување на зградата на Судскиот совет. Ова од причина што има неопходна потреба од генерално чистење и за таа цел да се ангажира овластен сервис. За 2017 година имало јавна набавка за таа цел, но огласот бил поништен поради технички недоследности.

**Претседателот на Советот** се согласува со ваквиот предлог.

Членот на Советот- **Селим Адеми** укажа на нефункционалноста и застареноста на лаптоповите кои ги користат членовите и смета дека треба да се преземат активности во тој поглед. Постави прашање дали за таа цел се барани средства од Министерството за финансии преку Судскиот буџетски совет.

**Претседателот на Советот** појасни дека секоја година се барани средства од страна на Судскиот буџетски совет, но секоја наредна година се намалува износот на тие средства, поради што се прави селекција на работи кои се приоритетни. Факт е дека лаптоповите кои ги користат членовите се застарени, но нема можност за ветување за реализација на активност за набавка на нови лаптопови. Откако констатира дека никој

повеќе не се јави за збор го стави на гласање Годишниот план за јавни набваки. По гласањето констатира дека со 13 -„За“, е донесена следната

**О Д Л У К А**

1. **Се усвојува** Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето
3. Составен дел на оваа одлука претставува Годишниот план за јавни набавки на Судскиот совет на Република Македонија за 2018 година

**Точка 5**

Точката 5 од дневниот ред - Разгледување на **извештаите на Комисиите по поднесените барања за повторување на постапките** по повод конечните пресуди на Европскиот суд за човекови права е нејавна.

**Точка Разно**

**Претседателот на Советот** констатира дека седницата повторно е јавна. Наведе дека од страна на Основниот суд Скопје 2 Скопје е доставено известување дека на ден 13.01.2018 година починал судијата Александар Младеновски и дека треба да се донесе одлука за престанок на судиската функција, поради смрт. Отвори расправа, па со оглед да никој не се јави за збор, констатира дека е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Се утврдува престанок** на судиската функција на **Александар Младеновски,** судија на Основниот суд Скопје 2 Скопје, поради смрт.

Со денот на престанокот на судиската функција на судијата и престанува правото на плата како судија, заклучно со 13.01.2018 година.

**Претседателот на Советот** наведе дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет, судијата на Основниот суд Кичево – Јагода Никодиноска и судијата на Основниот суд Струга- Нуредин Лога, исполниле услови за престанок на судиската функција поради навршени 64 години и предлага да се донесат одлуки за истите. Отвори расправа по предлогот. Со оглед да никој не се јави за збор, констатира дека се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на **Јагода Никодиноска,** судија на Основниот суд Кичево, поради навршени 64 години. Решението влегува во сила од 23.01.2018 година.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се констатира престанок на судиската функција на **Нуредин Лога,** судија на Основниот суд Струга, поради навршени 64 години.

Решението влегува во сила од 23.01.2018 година.

**Претседателот на Советот** констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост и дека седницата е завршена во 14,15 минути.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Зоран Карацовски**